РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4615/2
12 -01- 2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 08-4170/1 од 04.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ____________, поднесен по избор на функцијата Министер за ____________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4170/1 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4170/1 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот број 08-4170/1 од 04.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Согласно Годиишниот план за следење на имотната состојба и интересите, предмет на проверка беа анкетните листови на членовите на Владата на Република Северна Македонија.

Предметот број 08-4170/1 од 04.09.2019 година се однесува на проверка на податоците од анкетниот лист на ________________ поднесен по избор на функцијата Министер за ___________________ во Владата на Република Северна Македонија.

__________________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по избор на наведената функција, односно на 28.06.2017 година.

На 03.09.2020 година, ______________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по престанок на функцијата Министер за ______________________ во Владата на Република Северна Македонија.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои жевее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот се доставени податоци за следните членови на неговото семејство:

-_________________ – сопруга;

ДКСК, за имотот на _______________ и за имотот на неговата сопруга побара податоци од:

-Агенцијата за катастар на недвижности;
-Министерството за внатрешни работи;
-Управата за јавни приходи;
-Централниот депозитар за хартии од вредност;

Воедно, ДКСК изврши увид во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист на ______________, ДКСК не утврди дека именуваниот поседува имот кој не го пријавил во анкетниот лист.

Воедно, ДКСК по разгледување на податоците констатира дека нема елементи за натамошно надлежно во конкретниот предмет.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**